# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА 2025 ГОДИНА  ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

**КРИВА ПАЛАНКА**

**2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 22, став (1) точка 2  од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 14 став(1)  точка 10  од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден)06.12.2024година донесе

**ПРОГРАМА**

за животна средина на Општина Крива Паланка

за 2025 година

Програмата за животната средина на Општина Крива Паланка за 2025 година е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на националното законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

Во рамките на оваа Програма се предвидени активности од областа на заштитата на животната срединакои во 2025 година треба да обезбедат подобрување и унапредување на животната средина на територијата на општина Крива Паланка.

Со Програмата се утврдуваат:

1. Обемот и активностите за 2025 година во делот на заштитата на животната средина;
2. Извори на средства за финансирање на Програмата;
3. Начин на распределба на средствата за финансирање;
4. Динамика за извршување на програмата.

**ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

## 1. Регионално управување со отпад

| Целта на оваа активност е реализација на регионалниот пристап во управувањето со отпад. | |
|---|---|
| **Планирани активности** | |
| **Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад** | |
| **Очекувани резултати** | Подобрена услуга во управувањето со отпадот |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | Согласно барањата на Североисточниот плански регион |
| **Датум на завршување на активност** | Согласно барањата на Североисточниот плански регион |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **Североисточен плански регион** | |
| **Не се потребни финансиски средства** | |

## 2. Селекција на отпад

| Општина Крива Паланка согласно Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 216/21) е должна до обезбеди услови со кои ќе се регулира спречувањето, намалувањето, селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и комерцијалниот отпад. Од тие причини потребно е општината да склучи договори со овластени постапувачи со отпад со чии услуги ќе се обезбедат услови за исполнување на законските обврски.<br>Целта на оваа активност е воведување на селективно собирање на хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема. | |
|---|---|
| **Планирани активности** | |
| **1. Склучување на договори со овластени постапувачи со отпад;**<br>**2. Зголемување на бројот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации за поставување на истите за постапување со хартија, ПЕТ амбалажа, стакло, батерии и акумулатори и отпад од електронска и електрична опрема.** | |
| **Очекувани резултати** | Подобрена услуга во управувањето со отпадот;<br>Намалена количина на депониран отпад. |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.01.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 31.12.2025 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **/** | |
| **Не се потребни финансиски средства** | |

## 3. Изработка на документација во врска со заштита на животната средина

| Изработка на документација за заштита на животната средина, односно Елаборати за заштита на животната средина, Студии за оцена на влијание на проект врз животната средина и Стратешка оцена на влијание врз животната средина во постапките за донесување на урбанистичка планска документација. | |
|---|---|
| **Планирани активности** | |
| **1. Спроведување на постапка за јавна набавка;**<br>**2. Склучување на договор со консултантски фирми.** | |
| **Очекувани резултати** | Изработена документација за животна средина. |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.01.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 31.12.2025 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **1.000.000,00 денари** | |

## 4. Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи

| |
|---|
| **Општина Крива Паланка согласно членовите 95, 122 и 123 од Законот за животната средина е должна да ја спроведува процедурата за издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои подлежат на оваа процедура.** |
| **Планирани активности** |
| **Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи согласно законска процедура.** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | Издадени Б – интегрирани еколошки дозволи |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.01.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 31.12.2025 година |

| |
|---|
| **ФИНАНСИРАЊЕ** |
| |
| **Не се потребни финансиски средства** |

## 5. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина

| |
|---|
| **Општина Крива Паланка согласно член 24 од Законот за животната средина е должна да одобрува елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности опфатени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје и градоначалникот на општините во градот Скопје („Службен весник на РМ“ бр. 80/09, 32/12).** |
| **Планирани активности** |
| **Спроведување на постапка за одобрување на елаборати за заштита на животната средина.** |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати** | Издадени решенија со кои се одобрува или не се одобрува елаборат за заштита на животната средина. |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.01.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 31.12.2025 година |

| |
|---|
| **ФИНАНСИРАЊЕ** |
| |
| **Не се потребни финансиски средства** |

## 6. Набавка на украсно цвеќе за ул.„Св. Јоаким Осоговски“ и дрвореди за централна улица

| |
|---|
| **Целта на оваа активност е украсување на градот.** |
| **Планирани активности** |
| **Набавка и поставување на украсно цвеќе на канделабрите поставени на градската улица Св. Јоаким Осоговски и садење на дрвореди во централното градско подрачје.** |

| | |
|---|---|
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.03.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 01.04.2025 година |

| |
|---|
| **ФИНАНСИРАЊЕ** |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** |
| **900.000,00 денари** |

## 7. Изработка на Локален Еколошки Акционен План (ЛЕАП)

| |
|---|
| **Единицата на локалната самоуправа игра клучна улога во спроведување на голем дел од барањата регулирани со националното законодавство од областа на животната средина. Со изработка на ЛЕАП, Општина Крива Паланка ќе обезбеди стратешко планирање, врз основа на утврдување на специфичните состојби и потреби на општината, идентификација на приоритетите иопределување на чекори чие спроведување ќе овозможи воспоставување на интегриран одржлив развој на општината.** |

| | |
|---|---|
| **Планирани активности** | |
| **1. Спроведување на постапка за јавна набавка;**<br>**2. Склучување на договор со консултантска фирма која ќе го изработува ЛЕАП-от.** | |
| **Очекувани резултати** | Лоцираниеколошки проблеми во општината и определување на мерки и активности за справување со истите. |
| **Датум на започнување со имплементација на активност** | 01.01.2025 година |
| **Датум на завршување на активност** | 01.03.2025 година |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | |
| **ОПШТИНСКИ БУЏЕТ** | |
| **300.000,00 денари** | |

**ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

За реализирање на оваа програма предвидени се **2.200.000** денари со ДДВ. Финансирањето на програмата ќе се врши од средствата предвидени со Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година.

**НОСИТЕЛ И ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА**

Носител на активностите од оваа програма ќе биде Одделението за урбанизам, и заштита на животната средина врз основа на претходна согласност на Советот на Општина Крива Паланка.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ке се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2025 година.

**Бр. 09-6043/41**
**06.12.2024год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Изабела Павловска**

# АКЦИСКИ ПЛАН

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за животна срединана Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Буџетскапр ограма и конто | 1 | ЦЕЛ:Спроведување на активности за заштита на животната средина | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Р1 424230 | Задача /Проект | Активности | Временскип ериод | Резултати/индикатори | Носителнаак тивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 1.1. Регионално управување со отпад | 1.1.1. Приклучување кон регионален систем за собирање, транспортирање и депонирање на отпад | Согласно барањата на Северо источен плански регион | Подобрена услуга во управувањето со отпад | Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина | Не се потребни финансиски средства |
| | Задача /Проект | Активности | Временскип ериод | Резултати/индикатори | Носителнаак тивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 1.2. Селекција на отпад | 1.2.1. Склучување на договори со овластени постапувачи со отпад.<br>1.2.2. Зголемување на бројот на постојните собирни пунктови и определување на нови локации. | 01.01.2025 – 31.12.2025 година | - Подобрена услуга во управувањето со отпад;<br>- Намалена количина на депониран отпад. | Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина | Не се потребни финансиски средства |

| | Задача /Проект | Активности | Временскип ериод | Резултати/индикатори | Носителнаак тивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1.3. Изработка на документација во врска со заштитата на животната средина | 1.3.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;<br>1.3.2. Склучување на договор со консултантска фирма. | 01.01.2025 – 31.12.2025 година | Изработена документација за животна средина. | Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина | 1.000.000,00 денари |
| | Задача /Проект | Активности | Временскип ериод | Резултати/индикатори | Носителнаак тивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 1.4. Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи | Издавање на Б – интегрирани еколошки дозволи по претходно поднесени барања. | 01.01.2025 – 31.12.2025 година | Издадени б – интегрирани еколошки дозволи. | Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина | Не се потребни финансиски средства |
| | Задача /Проект | Активности | Временскип ериод | Резултати/индикатори | Носителнаак тивноста/ Одговорен | Буџетмкд |
| | 1.5. Одобрување на елаборати за заштита на животната средина | Одобрување на елаборати за заштита на животната средина по претходно поднесени барања. | 01.01.2025 – 31.12.2025година | Издадени решенија со кои се одобрува или не се одобрува елаборат за заштита на животната средина. | Одделение за урбанизам, и заштита на животната | Не се потребни финансиски средства |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **средина** | |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временскипериод** | **Резултати/индикатори** | **Носителнаактивноста/ Одговорен** | **Буџетмкд** |
| | **1.6. Набавка на украсно цвеќе за ул. „Св. Јоаким Осоговски“ и подигање на дрвореди** | **1.6.1. Поставување на украсно цвеќе во централното градско подрачје и подигање на дрвореди на улицата „Св. Јоаким Осоговски“.** | **01.03.2025 – 01.04.2025 година** | **Зголемени зелени површини во градот.** | **Одделение за урбанизам, и заштита на животната средина** | **900.000,00 денари** |
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временскипериод** | **Резултати/индикатори** | **Носителнаактивноста/ Одговорен** | **Буџетмкд** |
| | **1.7. Изработка на ЛЕАП** | **1.7.1. Спроведување на постапка за јавна набавка;**<br>**1.7.2. Склучување на договор со консултантска фирма заизработка на ЛЕАП.** | **01.01.2025 – 01.03.2025 година** | **Лоцирани еколошки проблеми во општината и определени мерки и активности.**<br>**Изработен ЛЕАП** | **Одделениезаурбанизам, сообраќај и заштитанаживотнатасредина** | **300.000,00 денари** |